РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -**

MQS
Partner of Quality Austria

Врз основа на член 72 став 3 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија " бр.124/2015, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 27.03.2019 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕАЛНО НАПРАВЕНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ПРЕД ПРЕКРШОЧНАТА КОМИСИЈА ВО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочната постапка пред прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата.

Член 2

Висината на реално направените трошоци во прекршочната постапка пред прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата изнесува најмногу до 300,оо денари за секоја прекршочната постапка.

Член 3

Реално направените трошоци во прекршочната постапка пред прекршочната комисија во Државната комисија за спречување на корупцијата се определуваат врз основа на трошоците направени за:

-препорачана достава на писменото во прекршочната постапка;
-коверт/плико ( големо, средно и мало);
-хартија (А4 формат ) користена во прекршочната постапка;
-печатење и копирање на писмена во прекршочната постапка;

Член 4

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 03-2141/1
29.03.2019
Скопје

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk